ДЗР-Q-720-101.01

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# ГОДИШЕН ПЛАН

# ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ

# ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје, декември 2020 година

Врз основа на член 9 точка 16 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18) и член 66 став 3 од Колективниот договор на ниво на Државен завод за ревизија, бр.01-403/1 од 15.04.2015 година и Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективен договор бр. 01-837/1 од 12.11.2018 година, а во врска со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година бр. 01-1106/1 од 28.12.2020 година, главниот државен ревизор донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН

## за континуирано професионално усовршување и обуки за 2021 година

### 1. Континуирано професионално усовршување и обуки

Вработените во Државниот завод за ревизија имаат право и должност стручно да се оспособуваат и усовршуваат во зависност од процесот на работа. Активностите за едукација на вработените се во согласност со стратешките определби на ДЗР за развој на ревизорските знаења и ревизорските вештини за сите видови на ревизии, како и за специфични области за ревизија, а во согласност со мандатот на ДЗР. Континуираното професионално усовршување и обуките се активности кои ВРИ ги проектира и реализира во согласност со барањата на ИНТОСАИ (Меѓународна организација на ВРИ) и ИНТОСАИ Рамката за професионални објави за управување со човечки ресурси, градење и одржување на независна, професионална и мултидисциплинарна ВРИ, а заради промоција и испорака на ефикасна и применлива додадена вредност од мандатот на ВРИ.

Континуираното професионално усовршување и обуките на вработените во ДЗР се врши во согласност со Планот и Програмата за КПУ и обуки на ДЗР која е составен дел на ГП за работа на ДЗР. Темите, периодот и бројот на слушатели за секои КПУ и обуки треба да бидат усогласени со термините за вршење на ревизорските активности без при тоа истите да бидат нарушени или одложени. Во Програмата за КПУ и обуки на ДЗР опфатени се и активности кои се дел од Прегледот на планирани меѓународни активности за 2021 година како работилници и семинари, како и обуки кои се планираат во рамки на проекти кои ДЗР ќе ги реализира во 2021 година.

Дисеминација на стекнатите знаења и вештини на вработени во ДЗР ќе се врши и преку спроведување на паралелни, меѓународни, заеднички и кооперативни ревизии, преземени во соработка со Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) и нејзините регионални форми (ЕУРОСАИ, АФРОСАИ, АРАБОСАИ, АСОСАИ, ПАСАИ, ОЛАЦЕФ и КАРОСАИ), како и активности кои произлегуваат од билатерална

соработка помеѓу ДЗР и други ВРИ, како и реализација на студиски посети и стажирања на вработени од ДЗР во други ВРИ или други организации, учество на семинари, курсеви, работилници и други форми на соработка, организирани во рамки на активностите на Меѓународната организација на ВРИ - ИНТОСАИ и нејзините регионални форми, како и Европскиот суд за ревизија, СИГМА и други меѓународни професионални организации од областа на ревизијата.

## 2. Програма за КПУ и обуки во ДЗР

Заради реализација на Годишниот План за КПУ и обуки на ниво на ДЗР за 2021 година, изработена е и Програма за спроведување на КПУ и обуки на вработени во ДЗР која е дадена во прилог табела кон ГП за КПУ и обуки.

КПУ се спроведува преку обуки поделени во пет области и тоа следните:

I. Методолошки обуки - Основно ниво и напредно ниво;
II. Обуки од областа на ИТ;
III. Други обуки;
IV. Работилници и семинари според Преглед на планирани меѓународни активности на ДЗР за 2021 година;
V. Обуки преку тековни/нови проекти на ДЗР за 2020 година (обуки во рамки на Твининг Проектот "Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор" MK 18 IPA FI 03 20 и обуки во рамки на Проектот „Зголемување на отчетноста и транспарентноста во Македонија преку подобрена имплементација на препораките на Државниот завод за ревизија“, во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD)).

## 3. Капацитети за спроведување на КПУ и обуки во ДЗР

Со цел почитување на мерките и препораките за заштита и превенција од Ковид-19, обуките ќе бидат организирани преку Zoom платформата, со користење на ИТ опрема во сопственост на ДЗР и обезбедени интернет врски. Доколку условите дозволат обуки со физичко присуство, ДЗР располага со сопствени просторни капацитети во рамки на деловната зграда во која се наоѓа, со две сали опремени со седишта, техничка - аудио - визуелна опрема за вршење на презентации и активности за обука кои се со капацитет од 40 лица и 20 лица. За обуките кои се планирани во рамки на проектите кои ќе се реализираат во 2021 година, капацитетите за нивно спроведување ќе бидат утврдени во соработка со лицата задолжени за управување и координација на проектите.

Од аспект на човечки ресурси кои ќе ги спроведат КПУ и обуките за вработени во ДЗР, институцијата располага со еден професионален сертифициран обучувач специјалист на ИНТОСАИ и други обучени лица кои се докажани професионалци во областа на испораката на знаења и спроведување на обуки.

## 4. Временска рамка за реализација на ГП за КПУ и обуки во ДЗР и теми за КПУ и обуки

Временската рамка за спроведување и реализација на ГП за КПУ и обуки во ДЗР како составен дел на ГП за работа на ДЗР за 2021 година ќе се одвива во периодот јануари - декември 2021 година, во термини кои се погодни за спроведување на КПУ и обуки, како и во термини кои се усогласени со преземените обврски по прашања од веќе договорени меѓународни активности. Временската рамка за спроведување на КПУ и обуките на ДЗР ќе биде поставена на начин и во термини, водејќи сметка истата да не ги наруши или забави редовните активности на ДЗР за вршење на ревизии и исполнување на ГП за работа на ДЗР за 2021 година.

Темите за обуки се утврдени во Програмата за спроведување на КПУ и обуки на вработени во ДЗР, која е составен дел на овој План, со која се опфатени периодот и видот на обуките, местото на спроведување на обуките, вработените кои ќе бидат опфатени со обуката, обучувачите и други податоци за реализација на ГП за КПУ и обуки.

Во текот на 2021 година ќе продолжи практиката на номинација и аплицирање за стручно усовршување преку стажирање во Европскиот суд за ревизија. Правата и обврските на вработените за реализација на овој вид на стручно усовршување ќе се утврдат со договор склучен со главниот државен ревизор, а во согласност со член 67 од Колективниот договор на ниво на Државен завод за ревизија.

## 5. Средства за реализација на КПУ и обуки

Средствата за реализација на обуките утврдени во Програмата за КПУ и обуки ќе се реализираат од следните извори:

- Буџетот на Државниот завод за ревизија, и
- Средства од билатерални и мултилатерални проекти кои ќе бидат реализирани во 2021 година.

**6. Извршување на Годишниот план за КПУ и обуки**

Извршувањето на Годишниот план за КПУ и обуки ќе се реализира во текот на 2021 година.

**7. Завршни одредби**

Овој План влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

Главен државен ревизор

м-р Максим Ацевски

Бр. 01- 1107/1

Скопје, 29.12 2020 година

Изготвил: Тања Јаневска, ПГДР

**ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КПУ И ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИ ВО ДЗР ЗА 2021 ГОДИНА**

| реден број | Ниво на обуки - наслов/тема на обуката | Период/Датум на спроведување | Предавачи | Слушатели | Вид на обука | Место на одржување | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | **I. МЕТОДОЛОШКИ ОБУКИ** | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | **I.1. ОСНОВНО НИВО** | | | | | | |
| | | | | | | | |
| I.1.1. | Презентирање на констатациите од спроведеното осигурување на квалитет | јануари – февруари 2021 | Бранислав Гулев, ОДР, овластен сметководител | сите ревизори | еднодневна обука | | |
| I.1.2. | Презентирање на новите измени во Прирачникот за ревизија на регуларност и новите Програми за ревизија за двата сметководствена система | јануари – февруари 2021 | Бранислав Гулев, ОДР, овластен сметководител | сите ревизори | еднодневна обука | | |
| I.1.3. | Функција и значење на државната ревизија – глобално и национално ниво, улогата и профилот на државниот ревизор | февруари – декември 2021 | м-р Тања Тасевска, советник на ГДР, IDITSCD, CFE, ОДР; | нововработени во ДЗР (во 2020 и 2021 година) без оглед на претходно искуство или тековно звање | еднодневна обука | | |
| | | | | | | | |

| реден број | Ниво на обуки - наслов/тема на обуката | Период/Датум на спроведување | Предавачи | Слушатели | Вид на обука | Место на одржување | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | **I.2. НАПРЕДНО НИВО** | | | | | | |
| | | | | | | | |
| I.2.1. | Нагласување на значајни прашања од ревизија на успешност, заради подобрување на пристапот за пишување на јасни и разбирливи извештаи од ревизија на успешност – што и како треба да се подобри во пишувањето на РИ кај РУ – практика наспроти барања. Примери од практиката | февруари – декември 2021 | м-р Тања Тасевска, советник на ГДР, IDITSCD, CFE, ОДР | ПГДР, РР, раководители на РЕ, самостојни и виши ревизори, други звања кои пишуваат РИ или делови од истите во РУ | еднодневна обука | | |
| I.2.2. | Изработка на дел од сетот на финансиски извештаи – Паричен тек за потребите на финансиско известување и потребите на генерирање на РИ – елементи, значење, поврзаност, градење | февруари – декември 2021 | м-р Тања Тасевска, советник на ГДР, IDITSCD, CFE, ОДР | ПГДР, РР, РЕ, самостојни и виши ревизори, други звања кои работат на подготовка на Паричен тек или делови од истиот | еднодневна обука | | |
| | | | | | | | |

| реден број | Ниво на обуки - наслов/тема на обуката | Период/Датум на спроведување | Предавачи | Слушатели | Вид на обука | Место на одржување | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | **II. ОБУКИ ОД ОБЛАСТА НА ИТ** | | | | | | |
| II.1. | Запознавање со информацискиот систем на ДЗР и ИТ политиките и процедурите | јануари – февруари 2021 или по потреба | Сектор за ревизија на информациски системи | новите вработени во ДЗР, но и отворена за сите останати кои сакаат да ја слушаат | еднодневна обука | ZOOM платформа (согласно условите од COVID 19) | |
| II.2. | Употреба на АМС во ревизија | јануари – февруари 2021 или по потреба | Сектор за ревизија на информациски системи | новите вработени во ДЗР, но и отворена за сите останати кои сакаат да ја слушаат | Дводневна обука | ZOOM платформа (согласно условите од COVID 19) | |
| II.3. | Следење на работата во АМС | јануари – февруари 2021 или по потреба | Сектор за ревизија на информациски системи | Обуката е наменета за ПГДР/РР/ПРР/раководители на тим, но и отворена за сите останати кои сакаат да ја слушаат | еднодневна обука | ZOOM платформа (согласно условите од COVID 19) | |
| II.4. | Избор на примерок | јануари – февруари 2021 или по потреба | Сектор за ревизија на информациски системи | новите вработени во ДЗР, но и отворена за сите останати кои сакаат да ја слушаат | еднодневна обука | ZOOM платформа (согласно условите од COVID 19) | |
| II.5. | Начинот на конципирање на графици или со користење на ИТ алатки во ревизијата | јануари – февруари 2021 или по потреба | Сектор за ревизија на информациски системи | новите вработени во ДЗР, но и отворена за сите останати кои сакаат да ја слушаат | еднодневна обука | ZOOM платформа (согласно условите од COVID 19) | |

| реден број | Ниво на обуки - наслов/тема на обуката | Период/Датум на спроведување | Предавачи | Слушатели | Вид на обука | Место на одржување | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | **III. ДРУГИ ОБУКИ** | | | | | | |
| | | | | | | | |
| II.1 | Практична примена на Меѓународни сметководствени стандарди/Меѓународни стандарди за финансиско известување | јануари – февруари 2021 | Бранислав Гулев, ОДР, овластен сметководител | вработени во Секторот за јавни претпријатија и други заинтересирани ревизори | еднодневна обука | ZOOM платформа (согласно условите од COVID 19) | |
| II.2. | Основи на сметководство кај буџетски корисници и кај ЕЛС | јануари – февруари 2021 | Бранислав Гулев, ОДР, овластен сметководител | помлади ревизори и новите вработени во ДЗР | еднодневна обука | ZOOM платформа (согласно условите од COVID 19) | |
| II.3. | Подготвување на финансиските извештаи за сите три системи / начела на водење на трговските / деловните книги | јануари – февруари 2021 | Бранислав Гулев, ОДР, овластен сметководител | помлади ревизори, новите вработени и други заинтерсирани вработени во ДЗР | еднодневна обука | ZOOM платформа (согласно условите од COVID 19) | |
| II.4. | Ревизија на елементите на финансиските извештаи на правните субјекти предмет на ревизија на ДЗР | јануари – февруари 2021 | Бранислав Гулев, ОДР, овластен сметководител | помлади ревизори, новите вработени и други заинтерсирани вработени во ДЗР | еднодневна обука | ZOOM платформа (согласно условите од COVID 19) | |
| II.5. | Едукација од областа на даноците (ДЛД / ДД / ДДВ) | јануари – февруари 2021 | Бранислав Гулев, ОДР, овластен сметководител, ПГДР, РР и други | помлади ревизори, новите вработени и други заинтерсирани вработени во ДЗР | еднодневна обука | ZOOM платформа (согласно условите од COVID 19) | |
| II.6. | Важноста од интерперсоналните комуникации во работната организација: | јануари – декември 2021 | надворешен експерт | сите ревизори | еднодневна обука | | Очекувани резултати: Зголемена доверба помеѓу вработените; Отворена |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1. Интерперсонални комуникации во организациите (градење доверба, кредибилитет како и зајакнување на моралот на вработените и лојалноста кон организацијата | | | | | | комуникација и координација на сите нивоа; Споделување на информации и брзо справување со проблеми; Подобрување на чувството на припадност и лојалноста кон организацијата; Зголемена свесност за сопствените емоции; Точно препознавање на емоциите во насока на донесување правилни одлуки; Зголемена ефикасност и ефективност; Зајакнати тимови во рамки на организацијата што даваат резултати; Ефикасност на работа од дома / далечина. |
| | 2. Емоционална интелигенција - Како правилно да донесуваме одлуки во насока на постигнување на посакуваните резултати и трансформација на недоразбирањата кои може да се јават на работното место | | | | | | |
| | 3. Комуникација во рамки на тимска работа (предности да се работи во тим, прилагодување на однесувањето на сите вработени, обединување на стекнатите вештини во насока на остварување на организациските цели | | | | | | |
| II.7. | Стратегиско моделирање на односите со јавноста и дигитализација во јавниот сектор: | јануари – декември 2021 | надворешен експерт | сите ревизори | еднодневна обука | | Очекувани резултати: Подобрени вештини за двонасочна комуникација; Препознавање на дигитализацијата како придобивка во работењето |
| | 1. Ефикасен модел на внатрешна и надворешна комуникација | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2. Согледување на потребата од зголемување на институционална отвореност, отчетност и транспарентност | | | | | | на институциите;<br>Зголемена организација на системот за односи со јавност во јавниот сектор.<br>Целта на овие обуки е да се унапреди знаењето и развијат вештини кај вработените во институција во делот на развивање на комуникациски стратегии и планови, како и подобрени алатки и ПР техники во нивното претставување и настапи. |
| | 3.Новите медиуми како канал за двонасочна комуникација во и надвор од институциите | | | | | | |
| II.8. | Градење на комуникациски капацитети – Позиционирање на ДЗР во меѓуинституционалните односи со јавност: | јануари – декември 2021 | надворешен експерт | сите ревизори | еднодневна обука | | Очекувани резултати:<br>Зголемена препознатливост на институцијата;<br>Зголемена доверба во работата на институцијата од страна на пошироката јавност;<br>Подобрени вештини на вработените за презентација на ревизорските извештаи во јавноста;<br>Подобрени капацитети за меѓуинституционална ПР соработка;<br>Зајакнати институционални капацитети. |
| | 1. Нови комуникациски практики за подобрување на имиџот и видливоста на институцијата | | | | | | |
| | 2. Развивање на комуникациски стратегии и планови, како и подобрени ПР техники и алатки во претставувањето на институцијата од страна на нејзините вработени | | | | | | |
| | 3.Планирање на кампања / презентација на ревизорски извештај. | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| II.9. | Комуникација и заштита на лични податоци во работниот процес | јануари – декември 2021 | надворешен експерт | сите ревизори | еднодневна обука | | |
| II.10. | Комуникација, недискриминација и заштита на човекови права | јануари – декември 2021 | надворешен експерт | сите ревизори | еднодневна обука | | |
| | | | | | | | |

| реден број | Ниво на обуки - наслов/тема на обуката | Период на спроведување | Предавачи | Слушатели | Вид на обука | Место на одржување | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | **IV. РАБОТИЛНИЦИ И СЕМИНАРИ СПОРЕД ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2021 ГОДИНА** | јануари - декември 2021 | | според Преглед на планирани меѓународни активности за 2021 година | | | |
| | | | | | | | |

| реден број | Ниво на обуки - наслов/тема на обуката | Период на спроведување | Предавачи | Слушатели | Вид на обука | Место на одржување | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | **V. ОБУКИ ПРЕКУ ТЕКОВНИ/НОВИ ПРОЕКТИ НА ДЗР ЗА 2021** | | | | | | |
| | **V.1. Обуки во рамки на Твининг Проектот "Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор" МК 18 IPA FI 03 20** | февруари - декември 2021 | | според Детален план на Твининг проектот "Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор" МК 18 IPA FI 03 20 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **V.2. Обуки во рамки на Проектот „Зголемување на отчетноста и транспарентноста во Македонија преку подобрена имплементација на препораките на Државниот завод за ревизија", во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD)** | | | | | | |
| V.2.1. | Работилница за организирање на живата комуникација со јавноста, медиумите и новинарите: Организација на прес-конференција | втора половина месец јануари 2021 година | во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD) | вработени во ДЗР | | | |
| V.2.2. | Работилница за организациско трансформирање на внатрешната комуникација за ефикасно користење на алатките востановени на претходните работилници | февруари 2021 година | во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD) | вработени во ДЗР | | | |
| V.2.3. | Работилница за новинари | втората половина на месец февруари 2021 година | вработените од ДЗР би одржале работилница во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD) | новата генерација млади новинари | | | |